**20101192298**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТЕХНИЧКАТА ИНСПЕКЦИЈА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 7 септември 2010 година.

Бр. 07-3675/1
7 септември 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТЕХНИЧКАТА ИНСПЕКЦИЈА**

Член 1

Во Законот за техничката инспекција („Службен весник на Република Македонија” бр. 88/2008), во членот 2 по точката 6 се додаваат три нови точки 7, 8 и 9, кои гласат:

„7. „Инспекциски надзор” е секоја активност која опфаќа проверка на примената на законите и техничките прописи при користење на определена техничка опрема;

8. „Технички преглед” е активност која опфаќа проверка на проектот, проверка на влезната и излезната документација, проверка на системот на квалитет, проверка на сите испитувања потребни за докажување на безбедноста на техничката опрема, како и директна и специфична визуелна контрола;

9. „Периодично испитување“ е испитување потребно за докажување на безбедноста на техничката опрема согласно со стандардите и техничките спецификации според кои истата е произведена;”.

Точките 7, 8 и 9 стануваат точки 10, 11 и 12.

Член 2

Во членот 3 став 1 точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: ”преку државни технички инспектори”.

Член 3

Во членот 5 став 1 по алинејата 1 се додава нова алинеја 2, која гласи:

„- пренослива опрема под притисок,”.

Член 4

Членот 12 се менува и гласи:

„Државен технички инспектор (во натамошниот текст: државен инспектор) може да биде лице кое има висока стручна подготовка од областа на машинството, електротехниката, хемиското инженерство, физиката, технологијата, рударството, геологијата, правото и економијата и најмалку три години работно искуство.”

Член 5

Во членот 20 став 1 зборот „само” се брише.

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Технички прегледи и периодични испитувања можат да вршат и независни правни лица акредитирани во земјите членки на Европската унија или земји кандидати за членство во Европската унија (во натамошниот текст: независни правни лица), под услов нивните акредитациони тела во соодветната област да се потписнички на договор за меѓусебно признавање на акредитација (МЛА).“

Член 6

Во членот 21 став 3 точките 3 и 7 се бришат.

Точките 4, 5 и 6 стануваат точки 3, 4 и 5.

Член 7

По членот 21 се додава нов член 21-а, кој гласи:

„Член 21-а

Независното правно лице од членот 20 став 2 на овој закон за да може да врши технички преглед и периодични испитувања до Државниот инспекторат за техничка инспекција треба да достави:

1) валиден сертификат за акредитација за предложениот опсег за вршење на технички преглед и периодично испитувања издаден од надлежниот орган од земјата во која е регистриран;

2) доказ дека има склучено договор за осигурување и одговорност од штета од вршење на работи за технички прегледи и периодично испитување од надлежна институција од земјата каде што е регистриран и

3) список на стручниот кадар.

Државниот инспекторат го известува Министерството за економија за исполнетоста на условите на независното правно лице од ставот 4 на овој член за вршење на технички прегледи и периодични испитувања, во рок од осум дена од денот на приемот на документацијата.”

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.